





# ЗНМ и СЕММ го осудија дискриминаторскиот говор на Апасиев кон новинарите

Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) и Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ) го осудуваат непристојниот и груб однос на пратеникот Димитар Апасиев кон новинарите, служејќи се со стигматизирачки и дискриминаторен говор и нарекувајќи ги новинарите „проститутки“, во знак на незадоволство за начинот на којшто известувале од меѓувладината конференција во Брисел.



Според ЗНМ и СЕММ, со самото тоа, како актуелен пратеник и претседател на политичка партија, негативно влијае врз слободата на изразување и квалитет на јавната дебата.

„Со своите вчерашни јавни изјави на социјалната мрежа Фејсбук, Апасиев демонстрира пример на тоа како јавна личност не треба да комуницира со новинарите и јавноста воопшто.

Ова не е првпат Апасиев да се служи со ваков говор и да има арогантен однос кон новинарите. Со тоа директно го крши и Кодексот на етичко однесување на пратениците, според кој што во член 6 се наведува дека ‘пратеникот е должен при извршување на функцијата да се однесува со особено внимание и почитување на личноста и угледот на секој поединец‘, истовремено мотивирајќи и други партиски приврзаници, но и други поединци и групи во општеството, на истиот начин да се постават кон новинарите“, пишува во соопштението.

Од двете организации укажуваат и предупредуваат дека со ваквиот говор и настап е возможно да се поттикне насилство кон новинарите, што е апсолутно спротивно со законот, за што одговорност имаат и институциите на системот.

MKD.mk
Like Page 122K likes
Recommend 302 Tweet




## Сподели